**20110531478**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденции во областа на здравството,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-2006/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО

Член 1

Во Законот за евиденции во областа на здравството („Службен весник на Република Македонија" број 20/2009), по членот 46 се додаваат два нови члена 46-а и 46-б, кои гласат:

"Член 46-а
(Постапка за едукација)

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека за прв пат е постапено спротивно на членот 48 став (1) од овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на поканата за спроведување на едукација на лицето или на правното лице каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за здравство.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот санитарен и здравствен инспекторат, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за едно или повеќе правни лица.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или правното лице над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или правното лице над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку државниот санитарен и здравствен инспектор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

(9) Државниот санитарен и здравствен инспекторат води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за здравство.

Член 46-б

Министерството за здравство за извршените контроли и спроведената едукација изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството за здравство, на унифициран квартален преглед."

Член 2

Во членот 47 по зборовите: “општество“ се додаваат зборовите: “и администрација“.

Член 3

Членот 48 се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) не води евиденции во согласност со начелата на квалитет, ефикасност, ефективност и економичност, при што истите се соодветни, релевантни и во обем којшто одговара на целите што се утврдени со овој закон (член 4 став (1));

2) не доставува збирни и индивидуални евиденции-статистички извештаи, преку регионалниот центар за јавно здравје до Институтот за јавно здравје на Република Македонија (член 5 став (1));

3) не доставува пополнети индивидуални евиденции до Институтот за јавно здравје на Република Македонија секој 10-ти во месецот за претходниот месец (член 8 став (3));

4) не достави тримесечни периодични извештаи од збирните евиденции од членот 9 став (1) на овој закон до регионалниот центар за јавно здравје заштита секој 10-ти во месецот за претходното тримесечје (член 9 став (6));

5) не достави извештај и/или податоци од членот 37 став (3) на овој закон и

6) остварува меѓународна соработка спротивно на членот 41 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на здравствен работник во здравствената установа за прекршокот од ставот (1) на овој член.“

Член 4

По членот 48 се додаваат два нови члена 48-а и 48-б, кои гласат:

„Член 48-а

(1) Глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) не води евиденција во основна медицинска документација (член 6 став (1));

2) не води евиденција согласно со членот 6 ставови (2),( 3) и (4) од овој закон;

3) не ги води евиденциите во зависност од дејноста што ја врши од членовите 8 став (1) и ч 9 став (1) на овој закон;

4) не доставува пополнети индивидуални евиденции до регионалниот центар за јавно здравје секој 5-ти во месецот за претходниот месец (член 8 став (2));

5) не изготви шестмесечни (полугодишни) збирни извештаи врз основа на тримесечните извештаи и не ги достави до Институтот за јавно здравје на Република Македонија секој 20-ти во месецот за претходното шестмесечје (член 9 став (7));

6) не достави годишен извештај од збирните евиденции до надлежниот центар за јавно здравје најдоцна до 10 јануари за претходната година (член 9 став (8));

7) не достави годишен извештај од збирните евиденции до Институтот за јавно здравје на Република Македонија најдоцна до 31 јануари за претходната година (член 9 став (9));

8) не достави податоци од евиденциите за заштита на заразните болести согласно со членот 10 од овој закон;

9) не пополнува индивидуални евиденции (евиденциони обрасци) и да не ги достави до надлежниот регионален центар за јавно здравје (член 11 став (1));

10) не ги води регистрите од членот 11 став (3) на овој закон;

11) не води евиденција на начин утврден со членовите 12 и 14 став (1) од овој закон;

12) не ги утврди единствените методолошки принципи и статистички стандарди (дефиниции, класификации и номенклатури) и стандардните постапки за формирање и водење на збирките на податоци (член 14 став (2));

13) не доставува податоци за секој запис или единица односно измена или евентуално бришење во Централната база на податоци (член 17 став (4));

14) не го обезбеди квалитетот на евиденциите (член 19 став (1));

15) не ја чува медицинската документација на начин и во рокови од членот 24 на овој закон;

16) вршат размена на податоци спротивно на членот 25 од овој закон или не вршат размена на податоци (член 26);

17) не впишуваат податоци во пропишаните средства за евиденција или информативни решенија при вршењето на здравствените прегледи и другите здравствени услуги (член 27 став (1));

18) не доставува извештаи до регионалните центри за јавно здравје (член 28 став (1)) и

19) не достави податоци до Министерството за здравство согласно со членот 36 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 600 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на здравствен работник во здравствената установа за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 48-б

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) медицинските податоци не ги обработува во согласност со прописите за заштита на личните податоци (член 4 став (2));

2) личните податоци, прибрани за целите на евиденциите во областа на здравството, ги користи спротивно на членот 4 став (3) од овој закон;

3) за спроведување на постапките за биолошки потпомогнато оплодување не доставува збирен извештај со анонимизирани податоци до Институтот за јавно здравје на Република Македонија (член 9 став (5));

4) не ги заштитува и чува податоците, без оглед на формата во која се водат, согласно со овој закон и прописите за заштита на личните податоци (член 16);

5) не достави во Централната база на податоци шифрирани и со обезбедена заштита во согласност со прописите за заштита на правата на пациентите, за заштита на личните податоци и овој закон, а во случај на податоци во електронски облик и во согласност со прописите за електронски потпис и за електронска трговија (член 17 став (6));

6) не го утврди изворот на грешката ако се појави сомнеж во точноста на податокот или грешка (член 17 став (8));

7) не го провери податокот и не ја исправи грешката (член 17 став (10)) и на еднаков начин не ја достави измената на податокот (член 17 став (12));

8) обезбеди податоци спротивно на членот 21 од овој закон;

9) врши обработка на податоците спротивно на членот 22 од овој закон;

10) ги користи медицинските податоци спротивно на членот 23 од овој закон;

11) постапува спротивно на членот 29 од овој закон;

12) открие здравствени и лични податоци на поединецот спротивно на членот 30 од овој закон;

13) не постапи согласно со членовите 31, 32 и 33 од овој закон;

14) обработува податоци и постапува спротивно на членот 34 од овој закон и

15) не воспостават и одржуваат систем на безбедност согласно со членот 38 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и ќе му престане должноста директор на установата за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 700 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на здравствен работник во здравствената установа за прекршокот од ставот (1) на овој член.“

Член 5

Во целиот текст на Законот за евиденции во областа на здравството зборовите: „Републички завод за здравствена заштита“ во кој било род и број се заменуваат со зборовите: „Институт за јавно здравје на Република Македонија“, а зборовите: „заводите за здравствена заштита“ се заменуваат со зборовите: „центрите за јавно здравје“.

Член 6

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".